РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
Бр. 02-907/10
21.12.2020 год.
С К О П Ј Е

Врз основа на член 68, став 1, точка 8 од Статутот на Природно-математичкиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, (Универзитетски гласник бр. 464/19) и член 41 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/18), Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, го разгледа Рефератот објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 1226 од 15.11.2020 година и по предлог на Институтот за математика при Факултетот, бр. 02-907/9 од 19.11.2020 година, врз основа на конкурсот објавен во весникот „Слободен печат" и „Коха" на 29.07.2020 година, на седницата одржана со средства за електронска комуникација, на 18.12.2020 година, ја донесе следната

# **О Д Л У К А**

за избор на еден наставник по група предмети од наставно-научните области: *математика и применета математика и математичко моделирање,* на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје

1. Д-р Ирена Стојковска, се избира за наставник по група предмети од наставно-научните области *математика и применета математика и математичко моделирање,* на Институтот за математика при Факултетот, во звање **редовен професор**.
2. Составен дел на оваа одлука е Извештајот на Рецензентската комисија, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 1226 од 15.11.2020 год.
3. Одлуката да се достави на потврдување до Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Наставно-научниот совет, постапувајќи по предлогот од Институтот за математика при Факултетот, бр. 02-907/9 од 19.11.2020 год., согласно Извештајот на Рецензентската комисија, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 1226 од 19.11.2020 год., на седницата одржана со средства за електронска комуникација на 18.12.2020 година, донесе одлука како во диспозитивот.

в.д. Д Е К А Н

Проф. д-р Валентин Мирчески

ДОСТАВЕНО ДО:
- Архивата;
- Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје;
- Именуваниот наставник;
- Институтот;
- Персоналното досие;
- Одд. за финансиско, сметководствено и материјално работење;
- Благајната и
- Раководителот на Одделението за општи и правни работи и библиотечно работење.